# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 31 јануари 2000
Скопје
Број 6 Год. LVI

Аконтацијата за 2000 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

148.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на растенијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јануари 2000 година.

Број 07-280/1
26 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Во Законот за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија" број 25/98) членот 5 се менува и гласи:

„Заради спречување на појавата, ширењето и сотрувањето на штетниците на растенијата, контрола на земјоделски и шумски растенија во прометот и издавање на дозволи за средства за заштита на растенијата, се основа Управа за заштита на растенијата (во натамошниот текст. Управа), како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Управата, за спречување на појавата, ширењето и сотрувањето на штетниците на растенијата, врши:

1. Следење на појавата и ширењето на штетниците на растенијата врз основа на метеоролошки, биолошки и други податоци;

2 Прогнозирање на појавата и дијагностицирање на штетниците на растенијата;

3. Известување на држателите на растенија за појавата и ширењето на штетниците на растенијата;

4. Давање стручни совети на држателите на растенија за примена на интегрална заштита на растенијата;

5. Определување на оптимални рокови за сотрување на штетниците на растенијата;

6. Давање стручни совети на држателите на растенија за утврдување на видот на штетниците, за правилна употреба на средствата за заштита на растенијата и правилна примена на опремата за третирање и

7 Водење евиденција за појавата на штетниците на растенијата, за преземените мерки за нивно сотрување, обемот на причинетите штети, објавување на појавата и состојбата, вклучувајќи го и известувањето согласно со одредбите од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата."

Член 2

Во членовите 6 став 1 точка 2, 8 став 1, 10 ставовите 6, 7, 10 и 11, 15 став 1 точка 4, 26 ставовите 2 и 3, 35 став 1, 38 став 3, 39 став 8, 40 став 3, 42 ставовите 1 и 2, 46 став 3, 54 точка 1 и членовите 63 став 1 точки 4 и 9, 64 став 1 точки 1, 3, 6, 7 и 8 и 65 став 1 точки 2 и 11, зборовите: „Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборот „Управата".

Член 3

Во член 8 по став 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Листите од ставот 4 на овој член, Управата ги доставува до европската и медитеранската организација за заштита на растенијата во која Република Македонија е членка, до регионалните организации за заштита на растенијата и до земјите со кои Република Македонија има склучено договори за соработка во областа на заштитата на растенијата."

Член 4

Во член 15 став 3 по зборот „кои" се додаваат зборовите: „во производството на земјоделските производи наменети за промет"

Член 5

Во член 17 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение утврдува дали се исполнети условите од став 1 на овој член."

Ставот 2 станува став 3.

Член 6

Во член 22 став 6 пред зборот „Образецот" се додаваат зборовите: „Начинот на вршење на задолжителен здравствен преглед од ставовите 1 и 3 на овој член и".

Член 7

Во член 25 став 1 по зборот „извозничка" се додава нова реченица која гласи: „Сертификатот за здравствената состојба на пратката, се издава според образецот од анексот на Меѓународната конвенција за заштита на растенијата."

Во став 2 по зборот „пратки" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 8

Во член 28 став 4, точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за што се издава сертификат за реекспорт според образецот од анексот на Меѓународната конвенција за заштита на растенијата."

Во став 7, зборовите: „ставот 1" се заменуваат со зборовите: „ставовите 1, 3 и 4".

Член 9

Во член 32 ставовите 1 и 2, зборовите: „министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборовите: „директорот на Управата за заштита на растенијата (во натамошниот текст: директорот на Управата)".

Во став 2, зборот „фитоплазми" се заменува со зборовите „микоплазми, мицелиуми"

Член 10

Во член 37 став 4 по зборот „отрови" се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат

Во став 7, зборот „Министерството се заменува со зборот „министерот"

Член 11

Во член 39 по став 5 се додава нов став 6 кој гласи

„Условите пропишани во став 5 од овој член ги утврдува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство "

Во став 6 кој станува став 7, по зборот „промет", се додаваат зборовите: „времетраењето на испитувањата."

Ставот 7 станува став 8.

Член 12

Во член 41 став 1, зборовите „две правни лица" се заменуваат со зборовите. „правно лице".

Член 13

Во член 63 став 1 точка 10, зборовите „член 37 став 4" се заменуваат со зборовите „член 36 и член 37".

Во точка 12 по бројот „46" се додаваат зборовите: „ставови 1 и 2".

Член 14

Во член 64 став 1 точка 5, зборовите: „министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборот „Управата"

Член 15

Во член 65 став 1 точка 2, зборовите: „ставови 9 и 10" се заменуваат со зборовите: „став 10"

По точка 2 се додава нова точка 3 која гласи

„3. На сертификатот на секое пакување на семе на кое е вршено дезинфекција, односно дезинсекција, не стави податоци со кое средство за заштита на растенијата е извршена дезинфекцијата, односно дезинсекцијата, како и клаузулата: „Семето е затруено и не смее да се користи за исхрана на луѓе, домашни животни, риби, птици и дивеч" (член 11 став 4) "

Точките од 3 до 13 стануваат точки од 4 до 14

Член 16

Во член 66 став 1 по точка 1 се додава нова точка 2 која гласи:

„Издава уверение, а не изврши два здравствени прегледа во текот на вегетацијата (член 10 став 1 и став 9 точка 1)."

Точката 2 станува точка 3.

Во точка 3 која станува точка 4, зборовите „министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборовите „директорот на Управата", зборовите „и габички" се заменуваат со зборовите: „на габи", а по зборот „микоплазми" се додава зборот „мицелиуми".

Во точка 4 која станува точка 5, бројот „6" се заменува со бројот „8"

Точките 5 и 6 стануваат точки 6 и 7

Во став 3, зборовите „и габички" се заменуваат со зборовите. „на габи", а по зборот „микоплазми" се додава зборот „мицелиуми"

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да изготви пречистен текст на Законот за заштита на растенијата

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

---

**149.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јануари 2000 година

Број 07-292/1
27 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Член 1

Во Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија" број 24/98), во членот 6 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи

„Изложеноста на Банката спрема одделна банка за финансирање на развојни и извозни проекти може да изнесува најмногу до двојниот износ на гарантниот капитал на Банката."

Досегашните ставови 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 4, 5, 6 и 7.

Член 2

Во членот 12 став 1 бројот „3" се заменува со бројот „4"

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

---

**150.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I – СКОПЈЕ

1. Од функцијата судија на Основниот суд Скопје I – Скопје, се разрешува

Ружица Топличанска, поради исполнување услови за старосна пензија

2 Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-286/1
26 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с р

**151.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/97 - Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗДРАВСТВЕН ДОМ - МАКЕДОНСКИ БРОД**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод, се избираат

Мирко Тренкоски, вработен во ЕСМ - Македонски Брод,

Раско Златески, директор на АД „Белица" - Македонски Брод,

Трајко Гешоски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Касум Садику, од Кичево, вработен во ПЕ на Министерството за труд и социјална политика во Кичево.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод.

3 Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-279/1
26 јануари 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с р

**152.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговијата („Службен весник на РМ" бр. 23/95, 30/95, 43/95, 23/99 и 43/99) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.01.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА**

1 Претпријатијата и другите правни лица што вршат производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, можат да ги зголемат цените на електричната енергија, формирани и применети според постојните тарифни ставови, како највисоки цени, до 10%

2 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 23-21/1
25 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р

**153.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ**

1. За помошник на министерот за финансии се назначува Драган Мартиновски, дипл. економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-111/2
17 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р

**154.**

Врз основа на член 158 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За републички советник во Владата на Република Македонија се именува Зоран Милков, дипл економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-155/2
17 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с р

**155.**

Врз основа на член 158 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За републички советник во Владата на Република Македонија се именува Владимир Стојаноски, досегашен советник во Владата на Република Македонија

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-156/2
17 јануари 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**156.**

Врз основа на член 19, став 2 од Законот за сметководството („Службен весник на РМ" бр 42/93, 48/93, 6/96, 32/98 и 39/99), министерот за финансии донесува

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ПОДАТОЦИ ПОТРЕБНИ ЗА СИСТЕМОТ НА ДРЖАВНАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ДРЖАВНАТА ЕВИДЕНЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за определување на посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за пропишување на формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција („Службен весник на РМ" бр. 4/97), во член 2, образецот „ДЕ" – Посебни податоци за системот на државната евиденција за: субјектите кои не применуваат посебни контни планови, банките и штедилниците и за друштвата за осигурување, се заменува со нов образец „ДЕ", кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

По членот 3, се додаваат два нови члена 3-а, и 3-б, кои гласат:

„Член 3-а

Субјектите кои не применуваат посебни контни планови, при пополнувањето на образецот „ДЕ", во самиот назив на образецот, ја потцртуваат ознаката која се однесува за одделен вид на субјект.

Член 3-б

По исклучок на одредбите на овој правилник, при пополнувањето на обрасците, кои се пропишуваат со овој правилник, со изготвувањето на годишната сметка за 1999 година, колоната претходна година не се пополнува."

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува и на изготвувањето на годишната сметка за 1999 година.

Бр. 07-818/1
24 јануари 2000 година
Скопје

Министер за финансии,
**Никола Груевски**, с.р.

Образец "ДЕ"

**Назив на субјектот** ____________________
**Адреса, седиште и телефон** ____________________
**Единствен даночен број** ____________________

**ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**
**за системот на државна евиденција**
**за субјектите кои не применуваат посебни контни планови**
**( големи-средни и мали субјекти)**

(во денари)

| Ред. Бр. | Група на сметки Или сметки | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | ИЗНОС | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | претходна година | тековна година |
| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | | **А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА:** Трошоци за минерални истражувања [1)] | 601 | | |
| | | **Б. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА:** Збир од ред.бр. 2 до ред. бр. 13 (< или = на збир од АОП 010, 011, 012, и 015 од Билансот на состојбата =БС за големи и средни) или (< или = на АОП 009 од БС за мали субјекти) | 602 | | |
| 2. | 010 | Земјишта | 603 | | |
| 3. | 011 | Шуми | 604 | | |
| 4. | 015 | Вложувања во природни богатства во подготовка | 605 | | |
| 5. | 020 | Набавна вредност на градежните објекти (збир од ред.бр. 5.1. + 5.2.) | 606 | | |
| 5.1. | 029 д=дел | Исправка на вредноста на градежните објекти | 607 | | |
| 5.2. | 020-029 д | Сегашна вредност на градежните објекти | 608 | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | 021 д | Набавна вредност на опремата за превоз на патишта, вода, воздух (збир од ред.бр. 6.1. + 6.2.) | 609 | | |
| 6.1. | 029 д | Исправка на вредноста на опремата за превоз на патишта, вода, воздух | 610 | | |
| 6.2. | | Сегашна вредност на опремата за превоз на патишта, вода, воздух | 611 | | |
| 7. | 021 д | Набавна вредност на компјутерскиот софтвер (вклучувајќи го и оној развиен во самиот субјект) (збир од ред.бр. 7.1. + 7.2.) | 612 | | |
| 7.1. | 029 д | Исправка на вредноста на компјутерскиот софтвер | 613 | | |
| 7.2. | 021 д | Сегашна вредност на компјутерскиот софтвер (вклучувајќи го и оној развиен во самиот субјект) | 614 | | |
| 8. | 022 | Набавна вредност на повеќегодишните насади (збир од ред.бр. 8.1. + 8.2.) | 615 | | |
| 8.1. | 029 д | Исправка на вредноста на повеќегодишните насади | 616 | | |
| 8.2. | 022-029 д | Сегашна вредност на повеќегодишните насади | 617 | | |
| 9. | 023 | Набавна вредност на основното стадо (збир од ред.бр. 9.1. + 9.2.) | 618 | | |
| 9.1. | 029 д | Исправка на вредноста на основното стадо | 619 | | |
| 9.2. | 023-029 д | Сегашна вредност на основното стадо | 620 | | |
| 10. | 024 | Набавна вредност на другите средства за работа (збир од ред.бр. 10.1. + 10.2.) | 621 | | |
| 10.1. | 029 д | Исправка на вредноста на другите средства за работа | 622 | | |
| 10.2. | 024-029 д | Сегашна вредност на другите средства за работа | 623 | | |
| 11. | 060 | Набавна вредност на становите и станбените згради (збир од ред.бр. 11.1. + 11.2.) | 624 | | |
| 11.1. | 069 | Исправка на вредноста на становите и станбените згради | 625 | | |
| 11.2. | 060-069 | Сегашна вредност на становите и станбените згради | 626 | | |
| 12. | | Подобрување на земјиштето [2)] | 627 | | |
| 13. | 024 д | Оригинални уметнички и литературни дела | 628 | | |
| | | **В. ПРИХОДИ** Збир од ред. бр. 14 до ред. бр.21) (< или = на збир од АОП 203, 224 и 235 од Билансот на успехот=БУ за големи и средни), или (< или = на збир од АОП 260, 270 и 272 од БУ за мали субјекти) | 629 | | |
| 14. | 753 | Приходи од субвенции, дотации, регреси, компензации и поврати на давачки по основ на продажба на производи, услуги и стоки (< или = на АОП 203 од БУ за големи и средни), или (< или = на АОП 260 од БУза мали субјекти) | 630 | | |
| 15. | 754 | Приходи од придонеси (< или = на АОП 203 од БУ за големи и | 631 | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | средни) или (< или = на АОП 260 од БУ за мали субјекти | | | |
| 16. | 758 | Приходи од укинување на долгорочни резервирања (< или = на АОП 203 од БУ за големи и средни), или (< или = на АОП 260 од БУ за мали субјекти) | 632 | | |
| 17 | 761 | Приходи од камати | 633 | | |
| 18 | 762 | Позитивни курсни разлики | 634 | | |
| 19. | 779 | Вонредни приходи (= на АОП 235 од БУ за големи и средни), или (= на АОП 272 од БУ за мали субјекти) | 635 | | |
| 20. | 780 | **Капитална добивка (< или = на АОП 203 од БУ за големи и средни) или (< или = на АОП 260 од БУ за мали субјекти)** | 636 | | |
| 21. | | **I. Спонзорства и донации**<br>( Збир од ред. бр.21.1. до 21.6.) | 637 | | |
| 21.1. | | Донации на хуманитарни организации | 638 | | |
| 21.2. | | Донации на граѓани | 639 | | |
| 21.3. | | Донации и спонзорства за научни цели | 640 | | |
| 21.4. | | Спонзорства на културни манифестации | 641 | | |
| 21.5. | | Спонзорства на спортски екипи | 642 | | |
| 21.6. | | Други спонзорства и донации | 643 | | |
| | | **Г. ЗАЛИХИ:**<br>(= на разликата од ред. бр. 22 и ред. бр. 23) | 644 | | |
| 22. | 60 и 63 | Залихи на недовршено производство и готови производи на почетокот на годината (= на АОП 204 од БУ за големи и средни), или ( < од АОП 261 од БУ за мали субјекти) | 645 | | |
| 23. | 60 и 63, без сметките: 607 и 637 и без износите книжени на кусоци и вишоци | Залихи на недовршено производство и готови производи на крајот на годината (= на АОП 205 од БУ за големи и средни), или (< од АОП 261 од БУ за мали субјекти) | 646 | | |
| | | **Д. РАСХОДИ**<br>(Збир од ред. бр.(24+25+26+27+36+ 37)<br>(< или = на АОП 207, 209, 210, 217 и 227 од БУ за големи и средни), или ( < = на АОП 261, 266 и 271 од БУ за мали субјекти) | 647 | | |
| 24. | 400 и 401 | **I. Потрошени материјали и енергија**<br>( Збир од ред. бр. 24.1. до ред. бр. 24.8.) | 648 | | |
| 24.1. | 400 д | Потрошен матријал и суровини | 649 | | |
| 24.2 | 400 д | Огрев гориво и мазиво | 650 | | |
| 24.3. | 400 д | Прехранбени артикли | 651 | | |
| 24.4. | 400 д | Канцелариски материјали | 652 | | |
| 24.5. | 400 д | Материјал за чистење и одржување | 653 | | |
| 24.6. | 400 д | Вода | 654 | | |
| 24.7. | 401 д | Потрошена електрична енергија | 655 | | |
| 24.8. | 401 д | Потрошени енергетски горива | 656 | | |
| 25. | 410 | **II. Транспортни услуги**<br>(Збир од ред. бр.25.1. до ред. бр. 25.4.) | 657 | | |
| 25.1. | 410 д | Транспортни услуги во земјата | 658 | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 25.2 | 410 д | Транспортни услуги во странство | 659 | | |
| 25.3 | 410 д | ПТТ услуги во земјата | 660 | | |
| 25.4 | 410 д | ПТТ услуги во странство | 661 | | |
| 26 | 440 | **III. Надомести на трошоците на работниците и граѓаните** (Збир од ред. бр.26.1. до ред. бр 26.6.) | 662 | | |
| 26.1 | 440 д | Надомести на име трошоци за превоз до работа и од работа | 663 | | |
| 26.2. | 440 д | Надомести на име теренски додаток | 664 | | |
| 26.3 | 440 д | Надомести за одвоен живот | 665 | | |
| 26.4 | 440 д | Надомести на име авторски хонорари | 666 | | |
| 26.5. | 440 д | Надомести за повремени и привремени работи | 667 | | |
| 26.6. | 440 д | Трошоци за исхрана на работниците за време на работа | 668 | | |
| 27 | | **IV. Останати нематеријални трошоци** (Збир од ред. бр.28 до ред. бр. 35) | 669 | | |
| 28. | 441 | Непроизводни услуги | 670 | | |
| 29. | 442 | Репрезентација | 671 | | |
| 30. | 443 | Премии за осигурување | 672 | | |
| 31. | 444 | Други лични примања | 673 | | |
| 32 | 445 | Даноци кои не зависат од резултатот | 674 | | |
| 33. | 446 | Придонеси кои не зависат од резултатот | 675 | | |
| 34 | 447 | Банкарски услуги и членарина на здруженија Збир од ред. бр. (34.1 + 34.2. + 34.3.) (< или = на АОП 217 од БУ за големи и средни), или (< или=261 од БУ за мали субјекти) | 676 | | |
| 34.1 | 447 д | - Членарини на здруженијата во земјата и странство | 677 | | |
| 34.2 | 447 д | - Надомест за платен промет | 678 | | |
| 34.3 | 447 д | - Надомести за банкарски услуги | 679 | | |
| 35 | 449 | Други нематеријални трошоци | 680 | | |
| 36 | | **V. Расходи на финансирањето** Збир од ред. бр. (36.1. + 36.2.) | 681 | | |
| 36.1 | 711 | Камати | 682 | | |
| 36.2 | 712 | Негативни курсни разлики | 683 | | |
| 37 | | **VI. ПЛАТИ** Збир од ред. бр. (37.1.+37.2.) | 684 | | |
| 37.1 | 470 д и 471 д | Придонеси од плати | 685 | | |
| 37.2 | 470 д и 471 д | Даноци од плати | 686 | | |
| | | **Ѓ. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ:** | | | |
| 38 | | Пресметана дивиденда за Фондот за ПИО | 687 | | |
| 39 | | Пресметана дивиденда за Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал** | 688 | | |
| 40 | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 689 | | |

Во ______________ Лице одговорно за составување на образецот М.П. Раководител

На ден ____ 200 __ година

______________ ______________

Образец "ДЕ"

**Назив на банката, штедилницата или**
**друга финансиска организација** ______
**Адреса, седиште и телефон** ______
**Единствен даночен број** ______

**ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**
**за системот на државна евиденција за банките, штедилниците и други финансиски организации**

(во денари)

| Ред. Бр. | Група на сметки или сметки | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | ИЗНОС | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | претходна година | тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **А. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА:** Збир од ред. бр. (1+ 4+7+10) (< или = од АОП 165 од Билансот на состојбата=БС) | 601 | | |
| 1. | 020 дел=д | Набавна вредност на градежните објекти (збир од ред.бр. 2+3) (< или = од АОП 166 од БС) | 602 | | |
| 2. | 0290 | Исправка на вредноста на градежните објекти (< од АОП 166 од БС) | 603 | | |
| 3. | 020 | Сегашна вредност на градежните објекти (< или =од АОП 166 од БС) | 604 | | |
| 4. | 0211 д | Набавна вредност на транспортните средства ( збир од ред.бр. 5+6) (< или = од АОП 168 од БС) | 605 | | |
| 5. | 0291 д | Исправка на вредноста на транспортните средства (< од АОП 168 од БС) | 606 | | |
| 6. | 0211 | Сегашна вредност на транспортните средства (< или = од АОП 168 од БС) | 607 | | |

** Овој податок се внесува согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на РМ", бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 33/99 и 81/99) и Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште ("Службен весник на РМ", бр 19/96, 25/99 и 81/99).

Ги опфаќа трошоците за обезбедување на дозволи, трошоците за дупчење, транспортни и слични трошоци направени да се изведе истражувањето.Треба да бидат земени во предвид не само оние трошоци книжени како капитални инвестиции туку и оние книжени како тековни трошоци.

[2] Се однесува на мелиорација на земјата со изградба на насипи и брани изградени за таа цел; чистење на земјиштето од дрвја, карпи и слично; одводнување на мочуришта или наводнување на сушно земјиште; заштита од поплави или ерозија. Ги опфаќа активностите преземени не заради создавање на нови структури ( згради патишта и сл.)туку активностите преземени за подобрување на квалитетот на земјата, или заради зголемување на квантитетот или продуктивноста на земјата.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 0213 д | Набавна вредност на компјутерскиот софтвер (вклучувајќи го и оној развиен во самиот субјект) ( збир од ред.бр. 8+9) (< или = од АОП 167 од БС) | 608 | | |
| 8 | 0291 д | Исправка на вредноста на компјутерскиот софтвер (< од АОП 167 од БС) | 609 | | |
| 9 | 0213 д | Сегашна вредност на компјутерскиот софтвер (вклучувајќи го и оној развиен во самиот субјект) (< или = од АОП 167 од БС) | 610 | | |
| 10 | | Оригинални уметнички и литературни дела | 611 | | |
| | | **Б. ПРИХОДИ:** Збир од ред. бр. (11+19+23) (< или = на збир од АОП 001, 003, и 011 од Билансот на успехот=БУ) | 612 | | |
| 11. | | **I. Приходи од камати** Збир од ред. бр. 12 до ред.бр. 18 (=АОП 001 од БУ) | 613 | | |
| 12. | 660 | Камати на дадени кредити и други пласмани на нефинансиски правни лица | 614 | | |
| 13. | 661 | Камати на дадени кредити и други пласмани на јавен сектор | 615 | | |
| 14. | 665 | Камати на дадени кредити на банки и други финансиски организации | 616 | | |
| 15. | 666 | Камати на дадени кредити и други пласмани на други комитенти | 617 | | |
| 16. | 667 | Камати на дадени кредити и други пласмани на население | 618 | | |
| 17 | 668 | Камати на дадени кредити и други пласмани на странски лица | 619 | | |
| 18. | 681 | Приходи по основ на затезни камати | 620 | | |
| 19 | | **II. Приходи од акции и други хартии од вредност кои донесуваат променлив приход** Збир од ред. бр. (20+ 21+22) (= на АОП 004 од БУ) | 621 | | |
| 20. | 650 | Приходи по основ на капитални вложувања - остварена дивиденда од нефинансиски правни лица | 622 | | |
| 21 | 655 | Приходи по основ на капитални вложувања - остварена дивиденда од банки и други финансиски организации | 623 | | |
| 22 | 658 | Приходи по основ на капитални вложувања - остварена дивиденда од банки, финансиски организации и други лица во странство | 624 | | |
| 23 | | **III. Останати приходи** Збир од ред. бр. (24+ 25+26) (< или = од АОП 011 од БУ) | 625 | | |
| 24. | 659 | Капитална добивка | 626 | | |
| 25. | 680 | Приходи по основ на курсни разлики | 627 | | |
| 26. | 687 | Приходи по основ на девизно работење | 628 | | |
| | | **В. ТРОШОЦИ:** Збир од ред. бр. (27+34+48) (< или = на збир од АОП 002, 012 и 018 од БУ) | 629 | | |
| 27 | | **I. Трошоци за камата** Збир од ред. бр. 28 до ред. бр.33 ( = на АОП 002 од БУ) | 630 | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 28. | 600 | Камати дадени на нефинансиски правни лица | 631 | | |
| 29 | 601 | Камати дадени на јавен сектор | 632 | | |
| 30. | 605 | Камати дадени на банки и други финансиски организации | 633 | | |
| 31. | 606 | Камати дадени на други комитенти | 634 | | |
| 32 | 607 | Камати дадени на население | 635 | | |
| 33. | 608 | Камати дадени на странски лица | 636 | | |
| 34 | | **II. Останати трошоци**<br>Збир од ред. бр. 35 до ред. бр. 47<br>( < или = на збир од АОП 016 и 018 од БУ) | 637 | | |
| 35. | 609 | Премии за осигурување | 638 | | |
| 36. | 622 | Трошоци по основ на колективен договор | 639 | | |
| 37. | 623 | Материјални и слични трошоци | 640 | | |
| 38. | 624 | Трошоци за услуги | 641 | | |
| 39. | 625 | Трошоци за службени патувања | 642 | | |
| 40. | 627 | Трошоци за репрезентација, реклама и пропаганда | 643 | | |
| 41. | 628 | Други административни трошоци | 644 | | |
| 42. | 630 | Трошоци по основ на курсни разлики | 645 | | |
| 43. | 633 | Даноци и придонеси од приходот( збир од р.бр. 43а. и 43б.) | 646 | | |
| 43а. | 6330 | Данок на промет на услуги | 647 | | |
| 43б. | 6331 | Придонеси од приходот<br>Збир од ред. бр. 43б.а. до ред. Бр. 43б.г. | 648 | | |
| 43б.а. | 6331 д | Придонеси и членарини на здруженија и комори | 649 | | |
| 43б.б. | 6331 д | Комунални такси | 650 | | |
| 43б.в. | 6331 д | Придонес за користење на градежно земјиште | 651 | | |
| 43б.г. | 6331 д | Останато | 652 | | |
| 44. | 634 | Трошоци за парични казни, такси и судски решенија | 653 | | |
| 45. | 635 | Трошоци за изработка на таксени и даночни вредносници | 654 | | |
| 46. | 636 | Трошоци за изработка на банкноти и ковани пари | 655 | | |
| 47. | 637 | Трошоци на девизно - валутно работење | 656 | | |
| 48 | | **III. ПЛАТИ:**<br>Збир од ред. бр. (49 + 50)<br>( < од збир на АОП 014 и 015 од БУ) | 657 | | |
| 49. | 620 д и 621 д | Придонеси од плати | 658 | | |
| 50. | 620 д и 621 д | Даноци од плати | 659 | | |
| | | **Г. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ:** | | | |
| 51. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 660 | | |

Во ______________ Лице одговорно за составување на образецот Раководител

На ден ____ 200 __ година М.П.

______________ ______________

Образец "ДЕ"

**Назив на друштвото за осигурување** ______________________

**Адреса, седиште и телефон** ______________________

**Вид на работа** ______________________

**Единствен даночен број** ______________________

## ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ
**за системот на државна евиденција**
**за осигурителните и реосигурителните друштва**
**по основ на неживотно осигурување**

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметки | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | ИЗНОС претходна година | ИЗНОС тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **А. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА:** Збир од ред. бр. (1+4+7+10) (< или =збир од АОП 007 и 008 од образецот Биланс на состојбата =БС) | 601 | | |
| 1. | 020 дел=д | Набавна вредност на градежните објекти (збир од ред. бр. 2+3) (< или = од АОП 007 од БС) | 602 | | |
| 2. | 029 д | Исправка на вредноста на градежните објекти (< од АОП 007 од БС) | 603 | | |
| 3. | 020 д | Сегашна вредност на градежните објекти (< или = од АОП 007 од БС) | 604 | | |
| 4. | 021 д | Набавна вредност на транспортните средства (збир од ред. бр. 5+6) (< или =АОП 008 од БС) | 605 | | |
| 5. | 029 д | Исправка на вредноста на транспортните средства (< од АОП 008 од БС) | 606 | | |
| 6. | 021 д | Сегашна вредност на транспортните средства (< или = од АОП 008 од БС) | 607 | | |
| 7. | 021 д | Набавна вредност на компјутерскиот софтвер (вклучувајќи го и оној развиен во самиот субјект) (збир од ред. бр. 8+9) (< или= од АОП 008 од БС) | 608 | | |
| 8. | 029 д | Исправка на вредноста на компјутерскиот софтвер (< од АОП 008 од БС) | 609 | | |
| 9. | 021 д | Сегашна вредност на компјутерскиот софтвер (вклучувајќи го и оној развиен во самиот субјект) (< од АОП 008 од БС) | 610 | | |
| 10. | | Оригинални уметнички и литературни дела | 611 | | |
| 11. | 759 | **Б. ПРИХОДИ:** Приходи од посредување и застапување во осигурување (< или = АОП 222 од БУ) | 612 | | |
| | | **В. РАСХОДИ:** Збир од ред. бр. (12+15) (< од збир на АОП 229, 230 и АОП 235 од БУ) | 613 | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | | **I. Останати расходи**<br>Збир од ред. бр. (13+14) | 614 | | |
| 13. | 727 д | Отпис и исправка на вредноста на ненаплатените побарувања по основ на други видови осигурувања<br>(< од АОП 235 од БУ) | 615 | | |
| 14. | 728 д | Дополнително утврдени расходи од поранешни години<br>(< од АОП 235 од БУ) | 616 | | |
| 15. | | **II. ПЛАТИ**<br>Збир од ред. бр. (16 + 17)<br>( < од збир на АОП 228 од БУ) | 617 | | |
| 16. | 470 д<br>и 471 д | Придонеси од плати | 618 | | |
| 17. | 470 д<br>и 471 д | Даноци од плати | 619 | | |
| | | **Г. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ:** | | | |
| 18. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 620 | | |

Во ____________ Лице одговорно за составување Раководител
На ден ____ 200 __ година на образецот М.П.

________________ ______________

## ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА

**9.**

**Врз основа на член 28 од Статутот на ЈП „Електростопанство на Македонија" – Скопје, а согласно Одлуката на Владата на Република Македонија бр. 23-21/1 од 25 јануари 2000 година, Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата одржана на 28.01.2000 година донесе**

### ТАРИФНИ СТАВОВИ
### ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

**На потрошувачите на електрична енергија приклучени на прагот на преносот, електричната енергија им се испорачува по следните тарифни ставови:**

| Напон | Пресметковна големина | Сезона | Време | Парична единица | Тарифен став |
|---|---|---|---|---|---|
| 110 кБ | кБт | ВИСОКА | | Денар | 498,9652 |
| | | НИСКА | | Денар | 332,6455 |
| | кВтч | ВИСОКА | Поголема | Денар | 1,2155 |
| | | | Помала | Денар | 0,6070 |
| | | НИСКА | Поголема | Денар | 0,8085 |
| | | | Помала | Денар | 0,4072 |
| | кВАрч | ВИСОКА | Поголема | Денар | 0,3079 |
| | | | Помала | Денар | 0,1214 |
| | | НИСКА | Поголема | Денар | 0,2070 |
| | | | Помала | Денар | 0,0836 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 35кВ | кВт | ВИСОКА | | Денар | 507,8410 |
| | | НИСКА | | Денар | 338,5639 |
| | кВтч | ВИСОКА | Поголема | Денар | 1,2555 |
| | | | Помала | Денар | 0,6361 |
| | | НИСКА | Поголема | Денар | 0,8377 |
| | | | Помала | Денар | 0,4278 |
| | кВАрч | ВИСОКА | Поголема | Денар | 0,3079 |
| | | | Помала | Денар | 0,1214 |
| | | НИСКА | Поголема | Денар | 0,2070 |
| | | | Помала | Денар | 0,0836 |

Член 2

На потрошувачите на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа електричната енергија им се испорачува по следните тарифни ставови

| Пресметковна големина | Сезона | Време | Парична единица | Висок напон | | Домаќинства | | Останато на низок напон 0.4 КВ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 35 кВ | 10 кВ | Едно тарифно | Двo тарифно | 1 Тарифен степен | 2 Тарифен степен | Улично |
| КВт | Висока | | Денар | 535,3279 | 412,8640 | * | * | 401,3747 | * | |
| | Ниска | | Денар | 356,8820 | 275,2401 | * | * | 267,3499 | * | |
| КВтч | Висока | Поголема | Денар | 1,5716 | 1,7412 | 2,0193 | 2,5230 | 1,9127 | 3,4877 | 2,9896 |
| | | Помала | Денар | 0,8183 | 0,8642 | | 1,2570 | 0,9452 | | |
| | Ниска | Поголема | Денар | 1,0458 | 1,1637 | | 1,6828 | 1,2761 | 2,3266 | 1,9919 |
| | | Помала | Денар | 0,5452 | 0,5709 | 1,3439 | 0,8397 | 0,6299 | | |
| КВАрч | Висока | Поголема | Денар | 0,4056 | 0,3828 | | | 0,4730 | 0,8741 | |
| | | Помала | Денар | 0,1922 | 0,2298 | | | 0,2404 | | |
| | Ниска | Поголема | Денар | 0,2661 | 0,2511 | | | 0,3165 | 0,5805 | |
| | | Помала | Денар | 0,1253 | 0,1532 | | | 0,1608 | | |

* Основен придонес за пресметковна моќ. Се пресметува согласно тарифниот систем за продажба на електричната енергија („Сл. весник на СРМ" бр. 47/89 и 24/99).

Член 3

Овие тарифни ставови влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

УО бр. 02-436/13/1
28 јануари 2000 година
Скопје

Заменик претседател,
Екрем Буњаку, с.р.

# Огласен дел

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

